Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **Општина Гази Баба - Скопје**, за пресадување на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 30 (триесет) дрвја (8 јавори, 7 багреми, 7 кисели дрва, 2 липи, 2 јасени, 2 гледичи, дудинка, див костен), кои се наоѓаат **на улица „1“ Урбан блок 2А, КО Гази Баба, н.м Автокоманда – Скопје.**
2. Пресадувањето на дрвјата треба да го организира барателот под надзор на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.
3. Пресадувањето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, да изготви записник за сите дејствија предвидени во точка 1 од ова решение.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Општина Гази Баба, ул."Архимедова" бр.2 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6175/1** од **13.06.2023** година, за пресадување на дрвја, што се наоѓаат **на улица „1“ Урбан блок 2А, КО Гази Баба, н.м Автокоманда – Скопје.**
Службеникот, од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвјата предмет на барањето, се јавно зеленило и дека се наоѓаат на улицата каде е во постапка реализација на ДУП за УЗ Автокоманда Урбан блок 2А, КО Гази Баба за изградба на линиски инфраструктурен објект – улица "Улица 1" н.м. Автокоманда, како што е наведено во Правосилното Одобрение за градба Бр. УП1 бр.28-145/2023 од 18.05.2023 год., издадено од Општина Гази Баба.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичко планска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е Општина Гази Баба.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение. Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека барателот располага со правосолно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши

своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење) од страна на барателот во соработка и под надзор на ЈП „Паркови и зеленило“ – Скопје.

Бидејќи во случајот не се врши сечење на зеленилото, не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6175/1/2**
**03.07.2023** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

___________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

___________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

___________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

___________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

___________________